**ПРИЛОГ II: ОПИС НА УСЛУГИ**

**Содржина**

ПРИЛОГ II.1: УСЛУГИ ЗА СООБРАЌАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ VOIP....2
**1 Краток опис на услугата .... 2**
1.1 Услуга За Локален Сообраќај За Користење VoIP.... 2
1.2 Услуга За Национален Сообраќај За Користење VoIP.... 2
**2. Процес на воспоставување на Повик.... 3**
**3. Услови за користење на Услугата .... 3**
**4. Рутирање на Сообраќај.... 4**
4.1 Услуга За Локален Сообраќај За Користење VoIP.... 4
4.2 Услуга За Национален Сообраќај За Користње VoIP.... 4
**5 Надоместоци, Фактурирање .... 4**
**6 Параметри за квалитет .... 5**
**7. Одговорност .... 5**
**8. Ограничувања при користењена Услугата .... 5**
8.1 Општи ограничувања при користење на Услугата.... 5
ПРИЛОГ II.2: УСЛУГА ЗА ЛИНК ЗА ПРИСТАП НА МРЕЖА ЗА КОРИСТЕЊЕ VOIP....6
**1. Краток опис на Услугата .... 6**
1.1 Услуга За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP .... 6
1.2 Вод За Пристап На Мрежа За Користење VoIP .... 6
**2. Имплементација на Вод За Пристап На Мрежа За Користење VoIP.... 6**
**3. Услови за користење на Услугата .... 6**
3.1 Основни технички услови.... 6
3.2 Основни услови за услуга .... 6
3.3 Услови за работа .... 7
**4. Надоместоци, Фактурирање .... 7**
**5. Параметри за квалитет .... 7**
**6. Одговорност .... 8**

# ПРИЛОГ II.1: УСЛУГИ ЗА СООБРАЌАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ VOIP

## 1 Краток опис на услугата
### 1.1 Услуга За Локален Сообраќај За Користење VoIP

Во случај на Услуга За Локален Сообраќај За Користење VoIP за Повик иницират од Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги идентификувана со Национален Географски Број – насочен кон Претплатнички Број кој следи по НДК доделен за услуги на зелен број што ја идентификува Точката За Пристап до Мрежата на Страната Барател во исто нумерациско географско подрачје со форматот 0800 9bcde, Давателот На Услуги го пренасочува Повикот до Точката За Пристап која припаѓа на истото нумерациско географско подрачје.




### 1.2 Услуга За Национален Сообраќај За Користење VoIP

Во случај на Услуга За Национален Сообраќај За Користење VoIP за Повик иницират од Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги идентификувана со Национален Географски Број – насочен кон Претплатнички Број кој следи по НДК доделен за услуги на зелен број што ја идентификува Точката За Пристап до Мрежата на Страната Барател во друго нумерациско географско подрачје со форматот 0800 9bcde, Давателот На Услуги го пренасочува Повикот до Точката За Пристап која припаѓа на друго нумерациско географско подрачје.



## 2. Процес на воспоставување на Повик

**2.1** Претплатникот кој има намера да оригинира Повик до Претплатничкиот Број кој ја идентификува Точката За Пристап до Мрежата на Страната Барател кој следи по НДК доделен за зелен број услуги со формат 0800 9bcde го бира Националниот Префикс по тонот за бирање, НДК доделен за услугите на зелен број и потоа Претплатничкиот Број кој ја идентификува Точката За Пристап.

**2.2** Давателот На Услуги врши идентификација на повикувачкиот Претплатник и го прима повиканиот телефонски број.

**2.3** Давателот На Услуги го пренесува Повикот оригиниран според Точка 2.1 до Точката За Пристап идентификувана со применливото рутирање на Сообраќај.

**2.4** Од Точката За Пристап со Повикот управува Страната Барател.

## 3. Услови за користење на Услугата

**3.1** Услугата За Сообраќај За Користење VoIP може да се користи од Страната Барател која ја користи Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За КористењеVoIP.

**3.2** Повиците оригинирани од Претплатникот во Мрежата на Давателот На Услуги треба да се вршат со Бирање Во Две Етапи. Давателот На Услуги е одговорен само за воспоставување на Повикот во првата етапа т.е. го воспоставува говорниот канал до Точката За Пристап со бирање на 0800 9bcde. Давателот На Услуги не е одговорен за воспоставување на Повикот во втората етапа, кое се врши преку воспоставениот говорен канал.

**3.3** Услугата За Сообраќај За Користење VoIP може да биде достапна и од јавни говорници.

**3.4** Предуслов за користење на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP е Страната Барател да има одлука за доделување на Претплатнички Број кој припаѓа на нумерациско поле кое следи по НДК доделен за услугите за зелен број со формат 0800 9bcde издадена од страна на Агенцијата за Електронски Комуникации (АЕК).

**3.5** Давателот На Услуги го рутира севкупниот Сообраќај кон Точката За Пристап воспоставена помеѓу Мрежите на Страните, во однос на која Страната Барател ја докажала соодветноста за пренасочувањето на Повикот во согласност со Точка 3.4.

**3.6** Услугата За Сообраќај За Користење VoIP овозможува пренос помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Точката За Пристап на следново:

**а)** дигитализирани 0.3 – 3.4 kHz аналогни говорни сигнали во случај на Повик оригиниран од аналогна телефонска главна линија; или
**б)** 64 kbps дигитални сигнали во секој B канал, како и оние кои се наведени во потточка а), во случај на Повик оригиниран од ISDN линија;
**в)** во случај на Повици кои користат Fix-GSM терминал преку GSM Мобилна Радио Телефонска Мрежа, сигнали одредени за GSM Мобилна Радио Телефонска Мрежа.

Врската воспоставена помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Точка За Пристап може да се користи за пренос на телефонски повици, пренос меѓу факс уреди или пренос преку модем на најмалку 2,400 bps.

**3.7** Обезбедувањето на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP е воспоставување на говорна врска помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Точка За Пристап.

**3.8** За време на користењето на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали согласно DSS1 Системот За Сигнализација.

**3.9** Страната Барател ќе биде одговорна за фактурирање, наплата, постапување по приговори за фактури и управување со побарувања за повиканиот Претплатник.

**3.10** Во случај на Услуга За Сообраќај За Користење VoIP Давателот На Услуги го предава 'А' бројот на повикувачкиот Претплатникот во Мрежата на Давателот На Услуги со формат на националниот број дефиниран во Планот За Нумерација.

**3.11** Предавањето на бројот 'А' е само за целите на внатрешното работење и одржување на Страната Барател. Страната Барател треба да внесе во општите услови од Претплатничкиот Договор за VoIP услугите одредба, каде Претплатникот, кога користи VoIP услуги од Страната Барател, - без разлика на Претплатничката Изјава за управувањето со бројот 'А', - му дозволува на Давателот На Услуги да го предаде бројот 'А' на Страната Барател.

**3.12** Давателот На Услуги е одговорен за пренос на Сообраќајот до Страната Барател на Точката За Пристап која е најблиску до Претплатничката Пристапна Точка.

**4. Рутирање на Сообраќај**
**4.1 Услуга За Локален Сообраќај За Користење VoIP**

Повици оригинирани од Претплатничка Пристапна Точка идентификувана со Национален Географски Број во Мрежата на Давателот На Услуги насочена кон Претплатнички Број во нумерациското поле по НДК доделен за зелен број услуги кој ја идентификува Точката За Пристап до Мрежата на Страната Барател со формат 0800 9bcde ќе се предадат од страна на Давателот На Услуги на Точка За Пристап која е лоцирана во истото нумерациско географско подрачје како и Претплатничката Пристапна Точка од која оригинирал Повикот.

Предавањето на Сообраќајот се врши на Линкот За Пристап На Мрежа За Користење VoIP воспоставен помеѓу Мрежите на Страните.
**4.2 Услуга За Национален Сообраќај За Користње VoIP**

Повици оригинирани од Претплатничка Пристапна Точка идентификувана со Национален Географски Број во Мрежата на Давателот На Услуги насочена кон Претплатнички Број кој следи по НДК доделен за услуги на зелен број кој ја идентификува Точката За Пристап до Мрежата на Страната Барател со формат 0800 9bcde ќе се предадат од страна на Давателот На Услуги на Точка За Пристап која е лоцирана во друго нумерациско географско подрачје од Претплатничката Пристапна Точка од која оригинирал Повикот.

Предавањето на Сообраќајот се врши на Линкот За Пристап На Мрежа За Користење VoIP воспоставен помеѓу Мрежите на Страните.

**5 Надоместоци, Фактурирање**

**5.1** Услуга За Сообраќај За Користење VoIP дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Давателот На Услуги, а ја користи Страната Барател.

**5.2** Давателот На Услуги наплаќа Тарифа За Користење пропорционална со Времетраењето На Повикот за користење на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP која ја користи Страната Барател.

**5.3** Во случај на Повици насочени кон Претплатничкиот Број во нумерациското поле кое следи по НДК доделено за услугата на зелен број со формат 0800 9bcde, Давателот На Услуги нема да му наплаќа на Претплатникот кој го оригинира Повикот. Сите надоместоци кои треба да ги плати Претплатникот кој го оригинира Повикот ќе ги наплаќа Страната Барател.

**5.4** Страната Барател за користењето на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP плаќа Надоместоци За Услуги наведени во Прилог III.2 (Надоместоци) – врз основа на Тарифа За Користење и Времетраење На Повик – според фактурата издадена од Давателот На Услуги.

**5.5** Доколку за Повиците кои се предадени на Мрежата на Страната Барател на Точка За Пристап – кои се користат во рамките на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP – степенот на Неуспешни Повици во даден календарски месец надминува 25% по вина на Страната Барател, тогаш Давателот На Услуги може да наплати Услуги За Сообраќај За Користење VoIP за 1 (една) минута времетраење на Повиците кои го надминуваат лимитот од 25%.

## 6 Параметри за квалитет

Целни вредности:

| Параметри за квалитет | Стандардно ниво |
|---|---|
| Време На Имплементација | 15 (петнаесет) дена |
| Време На Отстранување На Грешка | 1 (еден) работен ден |
| Годишна Достапност | 99,00 % |
| Време На Дисконекција | 15 (петнаесет) дена |

## 7. Одговорност

**7.1** Давателот На Услуги е одговорен за Услугата За Сообраќај За Користење VoIP од Претплатничката Пристапна Точка од каде Повикот оригинира до Точката За Пристап.

**7.2** Страната Барател е одговорна за понатамошно рутирање на Повикот примен на Точката За Пристап.

**7.3** Во врска на услугите обезбедени од Страната Барател со помош на Услугата За Сообраќај За Користење VoIP, Страната Барател има одоговорност за Повиците од крај до крај.

**7.4** Страните нема да обезбедуваат една на друга пристап до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

**7.5** Страната Барател ќе постапува по приговори на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

## 8. Ограничувања при користењена Услугата

### 8.1 Општи ограничувања при користење на Услугата

**8.1.1** Повиците насочени кон Претплатниците со Претплатнички Број во кој следи по НДК доделен за услуги на зелен број со формат 0800 9bcde не може да се воспостават со Избор На Оператор.

**8.1.2** Не може да се генерира Повик од Претплатничка Пристапна Точка која има забрана за локални и меѓумесни повици до Претплатничкиот Број кој следи по НДК доделен за услуга на зелен број со формат 0800 9bcde.

## ПРИЛОГ II.2: УСЛУГА ЗА ЛИНК ЗА ПРИСТАП НА МРЕЖА ЗА КОРИСТЕЊЕ VOIP

### 1. Краток опис на Услугата

**1.1 Услуга За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP**
Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP овозможува еднонасочен пристап до PSTN мрежата со ISDN интерфејс и DSS1 систем за сигнализација само за прием на VoIP Повици до Претплатнички Броеви кои следат по НДК доделен за услугите на зелен број со формат 0800 9bcde кој ја идентификува Точката За Пристап на Мрежата на Партнерот.

Услуга За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP значи имплементација и работење на ISDN PRI или ISDN BRI систем од страна на Македонски Телеком АД.

**1.2 Вод За Пристап На Мрежа За Користење VoIP**
Водот За Пристап На Мрежа За Користење VoIP се состои од еден или повеќе Линкови За Пристап На Мрежа За Користење VoIP.

### 2. Имплементација на Вод За Пристап На Мрежа За Користење VoIP

**2.1** Пристап На Мрежа се обезбедува на Географската Локација На Точката На Присуство на Партнерот.

**2.2** Точката За Пристап е излезната точка, од страната на Македонски Телеком АД, со ISDN S/T интерфејс на опремата за пренос инсталирана на локација на Партнерот; а која исто така е и точката што ја разграничува услугата.

**2.3** Услугата За Линкови За Пристап На Мрежа За Користење VoIP може да се користи од страна на Партнерот само за прием на Повици оригинирани од Претплатничка Пристапна Точка идентификувана со Национален Географски Број во Мрежата На Давателот На Услуги (еднонасочен линк).

**2.4** Партнерот е должен да достави барање за Интерконекција до Давателот На Услуги и да го раскине постојниот Договор За Пристап На Мрежа, кога лимитот за сообраќај од 0.12 Erlang по говорен канал на претплатничка линија ќе биде надминат. Доколку Сообраќајот надмине 0.12 Erlang, Давателот На Услуги има право да го ограничи со технички средства Сообраќајот кој е над 0,12 Erlang.

### 3. Услови за користење на Услугата
**3.1 Основни технички услови**

**3.1.1** Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP овозможува пренос помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Точка За Пристап на следново:

**а)** дигитализирани 0.3 – 3.4 kHz аналогни говорни сигнали од во случај на Повик кој оригинира од аналогна телефонска главна линија или
**б)** 64 kbps дигитални сигнали од во секој B канал, како и оние кои се наведени во потточка а), во случај на Повик оригиниран од ISDN линија;
**в)** во случај на Повици кои користат Fix-GSM терминал преку GSM Мобилна Радио Телефонска Мрежа, сигнали одредени за GSM Мобилна Радио Телефонска Мрежа.

Врската воспоставена помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Точка За Пристап може да се користи за пренос на телефонски повици, пренос меѓу факс уреди или пренос преку модем со најмалку 2,400 bps.

**3.1.2** Поврзувањето на Мрежите се врши преку ISDN S/T интерфејс.
**3.2 Основни услови за услуга**

**3.2.1** Линкот за VoIP може да се користи за пренос на Услуги За Сообраќај За Користење VoIP кои се користат/се обезбедени во рамки на Договорот За Пристап На Мрежа.

**3.2.2** Водот За Пристап На Мрежа За Користење VoIP ги поврзува Точката На Присуство На

Партнерот и (домашната) Точка На Присуство На Македонски Телеком АД.

**3.2.3** Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP може да се користи за определен период.

**а)** Определениот период не може да биде пократок од една (1) година.
**б)** Партнерот може да ја откаже услугата со писмено известување во било кое време. Во случај на откажување, Партнерот ќе плати Месечен Надомест за целиот месец во кој е доставено известувањето за отка жување. Доколку откажувањето се изврши во рамки на првата година по инсталирањето, Партнер ќе ги плати Месечните Надоместоци за секој преостанат месец од првата година, на месечна основа.

**3.3 Услови за работа**

**3.3.1** За имплементација на Точката За Пристап, Партнерот ќе обезбеди просторија (дел од просторија) без надомест во која се обезбедени потребните амбиентални услови за безбедно инсталирање и работење на опремата која е потребна за обезедување на Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP. Партнерот е одговорен за вршење на активности поврзани со одржување на просторијата.

**3.3.2** Местото на кое се наоѓа просторијата на Партнерот и каблирањето во рамки на објектот:

**3.3.2.1** Во случај на обезбедување на Точка За Пристап, Партнерот е одговорен за обезбедување на одобрување од сопственикот кое е потребно за каблирање на местото/во објектот кој не е во сопственост на Партнерот туку на друга страна – конструирање на траса на кабелот во местото, влечење на кабелот во објектот и имплементација на каблирање во внатрешноста на објектот; Партнерот ќе ги сноси и настанатите трошоци за закуп.

**3.3.2.2** Доколку влезот во местото или објектот кое не е во сопственост на Партнерот туку на друга страна е потребен за имплементација на Точката За Пристап, Партнерот е одговорен да обезбеди дозвола за влез.

**3.3.3** Партнерот ќе му обезбеди на Македонски Телеком АД услови за пристап и влез во просториите потребни за имплементација на Точката За Пристап, со цел овозможување на вршење на потребните активности за инсталација, одржување и поправки.

**4. Надоместоци, Фактурирање**

**4.1** Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За VoIP Услуги дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Македонски Телеком АД, а ја користи Партнерот.

**4.2** Партнерот ќе плаќа – врз основа фактурата изготвена од Македонски Телеком АД – Еднократен Надомест (Еднократен Надомест За Инсталација На Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP) и Месечен Надомест (Месечен Надомест За Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP) дефинирани во Прилог III.3 (Надоместоци) за користење на Услугата За Линк За Пристап На Мрежа За Користење VoIP. Во случаи кога се потребни големи зафати за изградба на мрежа, Македонски Телеком АД има право да наплати надомест за проект.

**5. Параметри за квалитет**

| **Параметри за квалитет** | **Стандарно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација<br><br>**а)** Кога не е потребно да се изгради локална мрежа<br><br>**б)** Кога е потребно да се изгради локална мрежа | <br><br>60 (шеесет) дена<br><br>180 (сто и осумдесет дена) дена |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Отстранување На Грешка | 4 (четири) часа |
| Просечно Време На Отстранување На Грешка | 20 (дваесет) часа/грешка |

| | |
|---|---|
| Време На Отстранување На Грешка во 90% од случаите | 15 (петнаесет) часа/грешка |

## 6. Одговорност

Страните нема да обезбедуваат една на друга пристап до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.